Друштво за туризам, угостителство
рекреација и спорт
ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ
БР. 05-205/3
31.01 20 24 год.
Битола

Друштво за туризам, угостителство,рекреација и спорт
ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола

ПОКАНА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА РАБОТИ И ИЗГРАДБА НА ,, СПА ЦЕНТАР ВО ХОТЕЛ МОЛИКА“ ПО СИСТЕМ ,, КЛУЧ НА РАКА “ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА

(бр.05-205/3 од 31.01.2024 година)

Битола, Јануари 2024

Почитувани,

Управителот на Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **,, ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола** , со адреса на ул. Национален Парк Пелистер бб. 7000 Битола, телефон за контакт 047/229-406 , факс број: 047/229-048 , електронска адреса: **esmmolika@elem.com.mk** , донесе Одлука за набавка на услуги за работи и изградба на **,, СПА ЦЕНТАР ВО ХОТЕЛ МОЛИКА** " , **врз основа на Одлуката на Управниот Одбор од единствениот основач и содружник АД ЕСМ Скопје заведена под бр.02-466/500/4.1 од 24.01.2024 година , и согласно Одлука од Надзорниот Одбор на АД ЕСМ Скопје заведена под бр.02-30/98/6.1 од 25.01.2024 година .**

Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **,, ЕСМ МОЛИКА " ДООЕЛ Битола** , има потреба од набавка на:

,, УСЛУГИ ЗА РАБОТИ И ИЗГРАДБА НА ,, СПА ЦЕНТАР ВО ХОТЕЛ МОЛИКА"

1. **Подготвителни работи со обезбедување на комплетна Проектна документација и Основен Проект до изведба за пуштање во работа по систем ,, Клуч на рака "**
2. **Изградба на ,, СПА ЦЕНТАР " со дополнителни градежни активности во хотел Молика за пристап, изградба на пристапни работни простории , коридори, надворешни скали , и останати работи за пуштање во работа на Спа Центарот по систем ,, Клуч на рака "**

За таа цел, ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА (во понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на договор за горенаведената набавка ,со Оглас кој е поставен во делот ,, Набавки „ на страницата **www. hotelmolika.com.mk**, врз основа на член 23 од Изјавата за основање на Друштвото за туризам , угостителство , рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА, Правилникот за спроведување на интерни процедури за набавки на стоки, услуги и работи во ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА .

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет за Договор за набавка, најдоцна **до 06.02.2024 година до 14 часот (по локално време)** по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА.

Со ова Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата, и истата може да ја преземете во делот за Набавки од страницата **www. hotelmolika.com.mk** да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете вопросториите на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ ,Битола.

Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите
- технички спецификации
- образец на понудата
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

Однапред благодариме на соработката.

Место

Одговорно лице

Битола, 31.01.2024 година

Миле Вељановски

Управител

_____

Инструкции за понудувачите

1.Корисник на стоките и услугите (во понатамошниот текст „ Набавувач“)

Набавувачот на Услуги е Друштвото за Туризам Угостителство Рекреација и Спорт „ ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола .

- Адреса Национален Парк Пелистер бр.бб Битола
- 110 Поштенски Фах
- Телефони за контакт 047 229-406: 075 725 495 електронска адреса
- hmolika@t-home.mk
- Контакт лице : Рената Горгиевска моб.телефон 070 /460 220

2.Предмет на договорот за набавка

2.1.Предмет на договорот за набавка е набавка на :

УСЛУГИ ЗА РАБОТИ И ИЗГРАДБА НА „ СПА ЦЕНТАР ВО ХОТЕЛ МОЛИКА“ во два не делливи дела:

I Подготвителни работи со обезбедување на комплетна Проектна документација и Основен Проект до изведба за пуштање во работа по систем „ Клуч на рака “

II Изградба на „ СПА ЦЕНТАР “ со дополнителни градежни активности во хотел Молика за пристап, изградба на пристапни работни простории , коридори, надворешни скали , и останати работи за пуштање во работа на Спа Центарот по систем „ Клуч на рака “

2.1.Предмет на договорот за набавка е набавка на услуги за изведувач и изградба на „ СПА ЦЕНТАР “, согласно Годишниот план за набавки за 2024 година на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА .

2.2.Предметот на договорот **не делив,** како што е дефинирано во техничката спецификација.

3. Начин на извршување на работите

3.1. Носителот на набавката – Изведувачот на работите е должен предметот на Договорот да го испорача на следниов начин:

- Изведувачот е должен сите работи предвидени во Техничката спецификација да ги заврши најдоцна до 31.12.2024 година од денот на воведување на изведувачот во работа.
- Изведувачот е должен да ги изведува работите согласно роковите усогласени во динамичниот план со инвеститорот ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА .
- Рокот за изведување на работите го дефинира нарачателот , и истиот тече од воведувањето на Изведувачот во работа, согласно можностите на инвеститорот.

- За воведување во работа помеѓу нарачателот и изведувачот се составува Записник од страна на Надзорниот инженер ангажиран од страна на набавувачот.
- Датумот на воведување во работа се констатира во градежен дневник.
- Изведувачот започнува со работа наредниот ден од денот на воведување во работа од страна на Надзорниот инженер.
- Точните количини ќе се евидентираат во градежна книга потпишана од надзорниот инженер.

4. Разлики во цена (корекција на цени)

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за набавка.

5. Рок на испорака

5.1 Носителот на набавката е должен да започне со активности поврзани со предметот на набавката на работи на Набавувачот во хотел Молика Национален Парк Пелистер бб. Битола , најдоцна во рок од 5 дена од денот на потпишувањето на договорот и истите да ги заврши најдоцна до 31.12.2024 година од потпишувањето на записникот за воведување на изведувачот во работа.

5.2.Поради специфичниот карактер за работа на хотелот Молика , и потребата работните активности да се изведуваат диференцирано рокот за изведување на работите се препорачува да биде усогласен со резервациите и исполнетоста на капацитетот на хотелот Молика заклучно со зимската туристичка сезона2024/ 2025 година. Понудувачот мора да биде професионално способен за изведување на работите согласно бараните количини наведени во техничката спецификација.

6. Начин на плаќање

6.1. Начинот на плаќање е вирмански, од денот на пристигнувањето на фактурата кај Набавувачот:

- Авансно плаќање на 20 % од понудениот износ со обезбедена банкарска гаранција од страна на изведувачот.
- Плаќањето на договорените работи ќе се врши по доставена фактура врз основа на потпишани и заверени времени ситуации или преку потпишана и заверена завршна ситуација од страна на овластено лице од изведувачот и надзорниот инжењер, доставени до набавувачот на работите по стварно завршена работа.
- Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши вирмански одложено во рок од 30 дена по одобрена времена градежна ситуација.

7. Право на учество

7.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - Понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

8. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на Договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

8.1. Лична состојба

- во последните 5 (пет) години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и Договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Набавувачот.

8.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- **Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Доказ за регистрирана дејност (ДРД – образец).**
- **Да обезбеди соодветно ниво на осигурување од професионални ризици**
- **Важечка полиса издадена од осигурителна компанија како доказ за релевантно осигурување за надомест при професионален ризик- штета на трети лица и на набавувачот при изведување на работите.**
- **Минимум 2 (две) стручни лица со Овластување А за изведба, од областа на градежништво и машинство.**
- **Опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на набавката на работи, оние што ќе бидат вклучени во изведување на работите, без оглед на тоа дали се вработени кај изведувачот или не – за исполнување на услов.**
- **Наведување на делот од набавката на работи , кој изведувачот има намера да го отстапи на подизведувач.**
- **Понудувачот да поседува минимум 2 платформи со висина од 17 метри.**
- **Понудувачот да поседува градежно скеле за работа на висина со капацитет од 3000 м3**
- **Понудувачот да поседува „А " лиценца за изведба на градежни активности издадена од Министерство за Транспорт и Врски на РСМ.**
- **Понудувачот да има вработени – градежен инженер , инженер архитект и машински инженер со овластување „ А " за изведба, издадено од Комора на Овластени Архитекти на РСМ**
- **Лиценца за Управител на градба издадена од Министерство за Транспорт и Врски на РСМ**
- **Референтна листа на минимум 2 (две) извршени набавки од ваков вид со проценета вредност од минимум 18.000.000,00 денари во изминатите 3 (три) години.**

9. Начин на докажување на способноста на понудувачот

9.1.Комисијата за набавки, доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот,го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

9.2.Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба, која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање на понуди. Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.

Набавувачот го задржува правото да обезбеди проверка на професионалната способност на изведувачот или производствените капацитети на понудувачите.

9.3 Комисијата за набавки во текот на спроведувањето на постапката за евалуација има право да ги посети или да побара дополнителни информации од понудувачите со намера да ја утврди нивната способност за вршење на професионална дејност.

10. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

10.1. Носителот на набавката може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Набавувачот по телефон, во електронска форма или во писмена форма, најдоцна до 3 (три) дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
10.2.Појаснувањето Набавувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
10.3. Набавувачот може по потреба да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна до 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.
10.4 Доколку смета дека има потреба Понудувачот може да побара посета на хотел Молика и увид во целокупната документација со претходна координација со Набавувачот.

11. Изготвување и поднесување на понудите

11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди, со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот освен техничката спецификација која е составен дел на Поканата за прибирање на понуди,може дополнително да достави своја форма на понудени позиции доколку некои од позициите не се ставени во техничките спецификации.

Комисијата може да ја земе во предвид дополнетата техничка спецификација доколку смета дека има потреба за набавка на таквите позиции или истата да ја отфрли.

11.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Информации за понудувачот;
- Техничка понуда;
- Финансиска Понуда;
- Рок за испорака;
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

11.3. Цена и Период на важност на понудата

- Понудувачот во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената. Рокот на испорака го дефинира во понудата.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека Договорот ќе биде извршен, набавувачот од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма, кои се причините за таквата цена во рок од 3 (три) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.
- Цената на понудата се изразува во денари.
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.
- **Понудувачот заедно со понудата, задолжително треба да достави информација околу динамиката на постапката во обезбедување на Проектната документација со динамика за изработката на Основниот Проект за изградба на СПА ЦЕНТАРОТ во Хотел Молика.**

12. Краен рок и место за поднесување на понудите

12.1. Краен рок за поднесување на понудите е **06.02.2024 година** во **14:00 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

12.2.Понудите се поднесуваат во архивата на Дирекцијата на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса и поштенски фах.

13.Евалуација на понудите

13.1 Комисијата за набавки ќе пристапи кон отварање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

14. Критериум за доделување на Договорот

14.1. Критериуми за доделување на Договорот за **набавка е најниска цена. За** носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена, чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

14.2.Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

14.3.Прифатливата понуда покрај најниска цена како основен критериум за доделување на договор, мора да ги задоволи и обезбеди потребниот степен на квалитет на услугите и навремената испорака во однос на предметот на набавка за потребите на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА.
Заради евалуација цената на понудата ќе се пресметува како цена без ДДВ, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена.
Понудувачот е должен да достави информација за изземањето на обврската и пресметувањето за ДДВ за изведувањето на работите од ваков вид согласно член 32А од ЗДДВ ДДВ .

15.Доделување на договорот за набавка

15.1. Корисникот на услугата за набавка – Набавувачот на услуги, по спроведената евалуација на понудите, како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди,Договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска понудена цена и ги исполнува условите за прифатлива понуда.

16. Известување за доделување на договорот за набавка

16.1.По завршувањето на изборот на носителот на набавката, Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

17. Завршување на постапката за доделување на договор за набавка

17.1.Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката.

КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт
ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на Поканата за прибирање на Понуди со број **05-205/3 од 31.01.2024 година** објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА , за доделување на договор за набавка на услуги за работи и изградба на СПА ЦЕНТАР ВО ХОТЕЛОТ МОЛИКА за потребите на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола , со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот:
I.2. Контакт информации:
– Адреса:
– Телефон:
– Факс:
– Е-пошта:
– Лице за контакт:
I.3. Одговорно лице:
I.4. Даночен број:
I.5. Матичен број:

Дел II – Техничка понуда

Согласни сме да ги прифатиме условите, начинот и рокот на испорака утврдени во повикот.

Дел III – Финансиска понуда

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени/по артикли е доставена во прилог на Понудата.

Цената на нашата понуда,вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува _____ денари, односно со ДДВ, изнесува _____.

Нашата понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

Дел IV – Рок на испорака

Место и датум **Одговорно лице**

_____ ----------

Позиција	Опис на активноста	Вкупна Вредност "Клуч на рака "
II	**ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ И ПРОЕКТИРАЊЕ**	
1	Ревизија на главна водоводна инсталација, која опфаќаа,	
1.1	Чистење на постоечкиот резервоар, обработка на пукнатини, хидро-изолација, проверка на функционалност на хидротехничка опрема и евентуална замена	
1.2	Чистење на каптажа, обработка на пукнатини, хидро-изолација, проверка на функционалност на хидротехничка опрема и евентуална замена на Ротински реки	
1.3	Изработка на бетонска шахта и довод на вода со приклучок за Спа центарот	
2	Ревизија на главна одводна инсталација, која опфаќаа,	
2.1	Увид во главна пречистителна станица препораки за проектантот	
2.2	Изработка на шахта за одвод на отпадни води приклучок кон пречистителната станица	
3	Оспособување на пристап кон спа центарот преку ходник од 1ви спрат земајќи во предвид сите конструктивни зафати	
4	Оспособување на пристап од кујната према надвор согласно хасап стандардот за циркулација на отпад со потребна конструктивна реконструкција и доградба на монтажен објект завршно обработен од внатрешна и од надворешната страна	
5	Изработка на конструкција за кос зид на јужна фасада за пристап од надвор кон кујна согласно хасап стандардот заедно со термички изолаци и завршна обработка на подови и зидови од надворешната и внатрешната страна	
6	Изработка урбанистичка проектна документација за добивање одобрение за градба на спа центар Хотел Молика	
II	**ИЗВЕДБА**	
1	**ФАЗА АРХИТЕКТУРА**	
1.1	Демонтажни работи	
1.2	Земјани работи	
1.3	Бетонски работи	
1.4	Армирачки работи	
1.5	Челична конструкција	

1.6	Кровопокривачки работи	
1.7	Подополагачки работи	
1.8	Фасадерски работи	
1.9	Гипсерски работи	
1.11	Изолатерски работи	
1.12	Опрема и реквизити за Сауна, Џакузи и просторија за масажа	
1.13	Водовод и канализација	
1.14	Столарија и дограма	
2	**ФАЗА МАШИНСТВО (HVAC)**	
2.1	Подно греење, Спа, Гардероби, Тоалет и Базен	
3	**ФАЗА ЕЛЕКТРИКА**	

И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот _____ во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди **Бр.05-205/3 од 31.01.2024** година, за набавка на **услуги за работи и изградба** на ,, **СПА ЦЕНТАР ВО ХОТЕЛ МОЛИКА " –Национален Парк Пелистер Битола - ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола** и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на Набавувачот доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

Место и датум

Одговорно лице

(потпис)

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице